**УДК 29-055.34-055.1/.2 (497.11)**

**Лидија Б. Радуловиќ[1] (Србија)**

# РЕЛИГИСКИ ИНДИВИДУАЛИЗАМ, ДУХОВНОСТ И АЛТЕРНАТИВНИ РЕЛИГИСКИ КОНЦЕПТИ КАЈ ГЕЈОВИТЕ И ЛЕЗБИЈКИТЕ ВО СРБИЈА*

*Айсшракш*: Во овој труд се изложени искуства и практики на гејови и лезбијки што избрале алтернативни религиски концепти, самодуховност или индивидуален концепт за Бога. Маргинализираните гејови и лезбијки во Србија се принудени свесно да избираат помеѓу религиските традиции на кои им припаѓаат по раѓање, а за кои нивната истополова ориентација и однесување се неприфатливи, и алтернативни религиски концепти, вонинституционални индивидуални еклективни религиски практики и верувања што сами ги креираат. Потрагата за оној израз на духовниот пазар што на најдобар можен начин би овозможил усогласеност на сексуалните желби, однесувања и верски идентитет, потрагата по форми на религија и духовност што се компатибилни за гејовската и за лезбиската сексуалност, се реализира надвор од формалните институции, во рамките на многуте различни духовни *њу ејџ*-движења.

*Клучни зборови*: религиски индивидуализам, алтернативни религиски концепти, гејовски и лезбиски идентитет, сексуална ориентација, духовност.

## Вовед

Големо внимание ширум светот привлече изјавата на папата Франциск во медиумите: „Ако некој е геј, а верува во Бога и има добра волја, кој сум јас да му судам?“[2] Залагајќи се за интеграција, а против дискриминацијата на хомосексуалните лица, Папата всушност се повика на Катехизмот на Католичката црква, и во неговата изјава нема навестување, иако посакувано од многумина, за промена во односот на Католичката црква спрема хомосексуалните лица. Иако, несомнено, станува збор за промена во тонот и за папа со „човечки лик“, кој нè потсетува и јавно говори за темелите на христијанските вредности – да не осудуваме и да не исклучуваме

[1] Лидија Б. Радуловиќ е доктор на етнолошки и антрополошки науки, вонреден професор на Одделението за етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград. Се занимава со антропологија на религија, народна религија и со односот на религијата и родот.

* Текстот е резултат на работата на проектот „Трансформација на културните идентитети во современа Србија и во Европската Унија“ (MPNTR RS 177018). Истражувањето е резултат на работата на проектот финансиран од страна на фондот Hartefakt.

[2] http://www.vesti.rs/Parada-ponosa/Istorijska-izjava-Pape-Franje-Ko-sam-ja-da-sudim-gejevima-8.html (посетена во јули 2013 г.).

луѓе од заедниците. Христијанството не го прифаќа хомосексуалното однесување, што и папата Франциск во продолжението на изјавата го нагласи, но, во согласност со учењето за еднаквиот однос спрема сите луѓе, декларативно ги прифаќа хомосексуалните лица, што би значело дека како грев го осудува самиот сексуален чин, но не и грешникот/грешницата. Во христијанските цркви развиена е пастирската работа со верниците што ќе се обратат на црквата, на тој начин што секој грешник/секоја грешница добива шанса да се промени и да се врати на прифатливиот хетеросексуален начин на живот[3]. Ставовите на христијанските цркви, на исламот и на јудаизмот суштински не се разликуваат кога станува збор за односот спрема луѓето со истополова сексуална ориентација. Студијата на Мелтон покажала дека 72 % од анкетираните цркви и религиски организации во Америка ги осудуваат гејовите и лезбијките и нивното сексуално однесување (Melton 1991, цитирано според Rodriguez and Ouellette 2000). Во светот што вртоглаво се менува, католичките и православните цркви не покажуваат конкретно поместување во прифаќањето на гејовите и на лезбијките како, на пример, Англиканската црква, која најавила дека ќе дозволува благослов за истополовите заедници, или Реформираната евангелистичка црква на кантонот Вауд во Швајцарија во која, од јануари 2014 година, се одржува свечена литургија за време на церемонијата на венчавање на истополови парови[4].

Во овој труд ќе биде претставен дел од резултатите на поширокото истражување на односот спрема религијата и религиозноста на гејовите и лезбијките во современа Србија (Ivanović, Radulović 2014: 164–189), што се занимава со аспектите на секојдневниот живот што испитаниците и испитаничките ги поврзуваат со религискиот индивидуализам и алтернативните религиски концепти. Односот спрема религијата во современото општество забрзано се менува, начините на кои поединците креираат религиски живот или остануваат индиферентни спрема религијата се разновидни и зависат од мотивацијата, индивидуалните преференции, понудата на пазарот на религиски идеи и практики, но и од позицијата што поединецот ја зазема во општеството. За постмодерната религиозност, како што сметаат одредени истражувачи, карактеристично е тоа што верските идеи и практики се делокализирани и се работа на слободен избор. Поединецот може да усвојува христијанска практика и верувања без врзување со која било христијанска деноминација или локална христијанска заедница, а исто така може да избере да ги комбинира и со целосно различни традиции како што се јога или тај-чи (Harrison 2010: 965). Одредени „либерални“ постмодерни религиски мислители ја набљудуваат верската „вистина“ како производ на индивидуалната креативност на религиозните луѓе. Во таа смисла, сметаат дека верската „вистина“ е субјективна онолку колку што е производ на индивидуалните желби и преференции (Cupitt 1997, цитирано според Harrison 2010: 967). Во овој труд, затоа, се проблематизира прашањето на кој начин некои гејови и лезбијки употребуваат одредени нетрадиционални религиски концепти и конструираат индивидуален пристап кон верата. Веќе спомнатото истражување на односите спрема религијата и религиоз-

[3] Терапиите за преориентација поаѓаат од перспектива, најпрво, дека е возможно да се промени истополовата сексуална ориентација на верникот, дека човекот може да има хомосексуални желби, но христијанинот не може да се идентификува како геј и да остане христијанин (Carlton 2004).

[4] http://www.jutarnji.hr/anglikanska-crkva-ce-blagosloviti-istospolne-zajednice/1143095/ (посетена во јули 2013 г.).

носта на гејовите и лезбијките во Србија покажа дека тие, во однос на општата популација (Ivanović, Radulović 2014: 164–189), почесто прават вакви избори.

## Религија vs. хомосексуалност: во контекст на дискурсот на традиционалните цркви и верски заедници во Србија

Во современите општества, религијата нема пресудно влијание во детерминирањето на секојдневниот живот како што имала во традиционалните и предмодерните општества. Меѓутоа, покрај различните влијанија, не може да се занемари влијанието на религијата посредно, и на црквата како институција директно, врз хетеронормативната сексуалност во Србија, а се чини дека може да има многу сериозни последици. Традиционалните цркви и верски заедници постигнале согласност и единствено настапуваат во осудата на „промоцијата на хомосексуалноста“. Иако црквите немаат ексклузивна моќ ниту право да дефинираат културни значења на сексуалноста, даден им е (пре)голем простор во јавните дискусии за прашања врзани со односот спрема луѓето со истополова сексуална ориентација и со нивните права. Во повеќе наврати, вообичаено по повод одржувањето на *Парадата на гордоста (Parade ponosa)*[5] или по повод Законот за дискриминација[6], нивни претставници за истополовата сексуална ориентација зборуваат како за болест и закана за моралните вредности[7]. Во заедничкото интервју за весникот *Денес (Danas)*, претставниците на традиционалните цркви и верски заедници се запрашани за официјален став спрема луѓето со истополова сексуална ориентација, меѓутоа, како што се покажа, официјален став или не постои, или „досега не е изречен“, или се премолчува, како во случајот со белградскиот надбискуп Станислав Хочевар[8].

---

[5] По повод планирањето на Парадата на гордоста во 2012 година, медиумите ја објавиле изјавата на патријархот Иринеј: http://www.index.hr/vijesti/clanak/patrijarh-irinej-homoseksualnost-je-bolest-tim-ljudima-treba-pomoc-kako-bi-prevladali-svoje-anomalije/640000.aspx (посетена во јули 2013 г.). Апел на православните свештеници од Ниш по повод одржувањето на Парадата на гордоста 2010 година: http://www.pravoslavlje.spc.rs/broj/1046/tekst/homoseksualnost-je-neprirodna-i-gresna/ (посетена во јули 2013 г.). Сеправославниот собор, што го сочинуваат девет помесни православни цркви, во „јасниот одговор“ има намера да се спротивстави на легализацијата на хомосексуалните бракови во Европа. Да се види на: http://fakti.org/orthodox-point/svepravoslavni-sabor-ce-odreagovati-na-homoseksualne-brakove-u-evropi (посетена во јули 2013 г.).

[6] Во текот на изминатите години во медиумите за ова прашање се изјаснуваа сложно голем број официјални лица на СПЦ, на Католичката црква, на Исламската и на Еврејската заедница (Jovanović 2011). Види: „Zajedničko saopštenje predstavnika tradicionalnih Crkava i verskih zajednica“, Pravoslavlje бр. 1008; Nin, 12. 3. 2009, стр. 14. Standard, 13. 3. 2009, стр. 9; Ekonomist, 13. 3. 2009, стр. 8; Nin, 12. 3. 2009, стр. 16; Ekonomist, 13. 3. 2009, стр. 26.

[7] Види: „Kolo smrti na ulicama Beograda“, Pravoslavlje бр. 1046; „Homoseksualnost i nasilno sudstvo“, Pravoslavlje бр. 920; „Homoseksualnost je neprirodna i grešna“, Pravoslavlje бр. 1046; „Greh ili životni stil“, Pravoslavlje бр. 936; http://fakti.org/orthodox-point/svepravoslavni-sabor-ce-odreagovati-na-homoseksualne-brakove-u-evropi; (посетена во јули 2013 г.). http://www.index.hr/vijesti/clanak/patrijarh-irinej-homoseksualnost-je-bolest-tim-ljudima-treba-pomoc-kako-bi-prevladali-svoje-anomalije/640000.aspx; http://www.pravoslavniodgovor.com/Svet_oko_nas/greh_homoseksualnosti.htm (посетена во септември 2013 г.).

[8] „Zakon da štiti pravo. Intervju: Nadbiskup beogradski Stanislav Hočevar“. Nin, 12. 3. 2009, стр. 16. Официјалниот став на Католичката црква е изложен во документот со наслов: Persona humana. Izjava o nekim aspektima seksualne etike од 1975 година. Повеќе за тоа види: Ivanović,

*Предлог-законот за дискриминација* е повлечен само еден ден пред да се најде во собраниска процедура, на барање на традиционалните цркви и верски заедници во Србија. Имено, во заедничкото соопштение е наведено дека како основен недостаток на Предлог-законот се смета тоа што може да доведе до „колизија помеѓу некои од правата на кои Предлогот се однесува и правата на слободно изразување на верските уверувања, проповедање верски учења и заштита на моралните вредности“[9]. Со други зборови, спорните членови 18 и 21 се толкуваат како обврска свештеното лице да венча две лица од ист пол, спротивно на каноните и црковното право[10]. Иако, во ниту еден од членовите не се спомнува обврска свештеник да венча лица од ист пол, потписниците на соопштението се повикуваат на *Европската конвенција* за заштита на човековите права и основните слободи, особено на член 12 во кој се вели: „Од моментот кога стануваат способни за брак, мажот и жената имаат право да стапат во брак и да засноваат семејство според националните закони со кои се регулира остварувањето на ова право“. Јасно е дека, на тој начин, повикувањето на *Европската конвенција* станува беспредметно, бидејќи *Уставот на Република Србија* бракот го дефинира како заедница на лица од различен пол. И ако се случи некој од свештениците да венча истополов пар, тој брак би бил неважечки. Колизијата на спорните членови на *Законот за дискриминација* имплицитно може да се толкува како друга категорија колизија и дека верниците со истополова сексуална ориентација не може да бидат и членови на верските заедници[11].

Спротивставувајќи се на секаков обид за изразување право на видливост и право на јавно откривање на хомосексуалниот идентитет, традиционалните цркви и верски заедници со општественото и политичкото дејствување придонесуваат за дискриминаторско однесување спрема лицата со истополова сексуална ориентација[12].

---

Radulović 2014: 170. Изјавата на рабинот Исак Асиел види ја на: http://www.danas.rs/danasrs/drustvo/terazije/da_pokazemo_sta_nas_spaja.14.html?news_id=264472 (посетена во септември 2013 г.).

[9] „Zajedničko saopštenje predstavnika tradicionalnih Crkava i verskih zajednica“, Pravoslavlje бр. 1008.

[10] Во членот 18 се вели: „Дискриминацијата постои ако се постапува спротивно на начелото за слободно изразување на верата или уверувањето, односно ако на лицето или на група лица им се ускратува правото на стекнување, одржување, изразување и промена на верата или уверувањето, како и правото приватно или јавно да го изнесат своето уверување, во согласност со законот“. Членот 21 гласи: „Родовиот идентитет и сексуалната ориентација е приватна работа, и никој не може да биде повикан јавно да се изјасни за својот родов идентитет и сексуална ориентација. Секој има право да го изрази својот родов идентитет и сексуална ориентација, а дискриминаторското постапување поради родовиот идентитет и сексуалната ориентација е забрането. Слободата на изразување на родовиот идентитет и сексуалната ориентација од ст. 1 и 2 од овој член се однесуваат и на случаите на транссексуалност“.

[11] Имено, секретарот Ријасет Елдин Ашчериќ изјави: „...затоа што верските заедници во своите закони, едноставно, не прифаќаат членовите на верските заедници да може да бидат хомосексуалци... Ние не одрекуваме ничие право да се изјаснува како било, но тоа мора да биде појасно дефинирано, не може да се шири спрема верските заедници“. Nin, 12. 3. 2009, стр. 14.

[12] Во соопштението на Светиот архиерејски синод на СПЦ по повод најавите на Парадата на гордоста, покрај повиците за ненасилство, стои дека гејовите и лезбијките, со своите „согрешенија“ против моралните норми, го загрозуваат и јавниот морал во општеството, но и покрај тоа ги повикуваат верниците да го осудат гревот, а да го сакаат грешникот спасувајќи го од

## Идентитетите во контекст на истражувањето и методските постапки

На кој начин лицата со истополова сексуална ориентација бираат различни културни сценарија во конструирањето на личниот идентитет, ако истополовата сексуална ориентација е спротивставена на конвенционалните верски уверувања? Истражувањата покажаа постоење стратегија на преговори меѓу различните аспекти на личниот идентитет, како што се: 1) отфрлање на верскиот идентитет, 2) отфрлање на гејовскиот и лезбискиот идентитет, 3) компромис помеѓу спротивставените идентитетски аспекти и 4) интеграција на идентитетот (Rodriguez and Ouellette 2000: 334). Отфрлањето на религискиот идентитетски аспект се реализира низ определба или конверзија во атеизам или некој алтернативен религиски концепт во кој не постои моралистичка осуда на истополовата сексуална ориентација. Отфрлањето на гејовскиот или лезбискиот идентитет, најчесто, на пример во Америка, се надминува со таканаречени терапии за христијанска конверзија или со психотерапии (Rodriguez and Ouellette 2000: 334). Стратегијата на компромис помеѓу спротивставените идентитети подразбира да се држат одвоено, фигуративно кажано, на пример, кога геј-лицето влегува во геј-клуб, тој во гардеробата ја закачува и својата претстава за Бога. Интеграцијата подразбира усогласеност на верскиот и истополовиот идентитет во секојдневниот живот и во различните животни сфери, за разлика од стратегијата на компромис што подразбира одвоени сфери на живот[13].

Истражувањата на гејовската и на лезбиската духовност и религиозност во западните општества покажаа дека испитаниците остваруваат најголем степен на интеграција помеѓу сексуалната ориентација и верските уверувања со напуштање на традиционалните ортодоксни цркви и приклучување кон специфични организации како што е *Metropolitan Community Church* (MCC), во која поголемиот број членови се од редовите на ЛГБТ-популацијата (Wilcox 2009: 45; Rodriguez and Ouellette 2000)[14]. Во Франција, на пример, постојат таканаречени инклузивни цркви, кои прифаќаат членови без оглед на сексуалната ориентација или етничка припадност и им помагаат да го усогласат хомосексуалниот идентитет со христијанскиот (Gross 2008: 79). Набљудуван како динамична категорија, во животите на гејовите и лезбијките, религискиот идентитет се конструира, се дефинира, се формира, се менува и се преобликува во зависност од мотивациите и индивидуалните преференции. Мелиса Вилкокс (Melisa Wilcox) издвоила три правци во кои се движат изборите на лез-

---

гревот. Види: „Saopštenje Svetog Arhijerejskog Sinoda SPC povodom najave gej-parade u Beogradu 2010. godine", Pravoslavlje 1046: 5.

[13] Поимот вкрстување на идентитетот беше важен зашто освен половиот и/или родовиот идентитет, дотогаш како привилегиран во феминистичките теории, подразбира постоење и на други идентитетски форми (сексуални, религиски, етнички, национални и други) (Crenshaw 1991, цитирано според Duhaček 2011: 363).

[14] Види: веб локација на Црквата во Њујорк, www.mccny.org; Црквата е формирана во 1968 година во Лос Анџелес, но се проширила во 23 земји во САД. Станува збор за духовен центар што ги собира гејовите, лезбијките, бисексуалните, трансродовите и интерсексуалните христијани што ја напуштиле црквата во која доживеале осуда и отфрленост. Припадниците на оваа црква веруваат дека Бог го создал секое лице како единствено суштество, дека сите луѓе, без разлика, може да ја искусат Божјата љубов низ молитва и богослужење.

бијките кога ќе се соочат со проблемите на интерсекција на сексуалниот и религискиот идентитет: континуитет, конверзија и иновација (Wilcox 2009: 82). Меѓутоа, овие идеални типови стануваат многу посложени, често и се вкрстуваат, кога ќе ги примениме врз реалните човечки животи на истражуваните лица со истополова сексуална ориентација. Континуитетот подразбира дека во рамките на религиските традиции во кои се родени и воспитувани пронаоѓаат простор за себе така што интерпретираат догматски учења и религиски практики на свој, сопствен начин. Конвертираните обично целосно ја отфрлаат религијата или ја заменуваат со некоја друга, обично со потолерантна спрема лицата со истополова сексуална ориентација. Вообичаено, најприсутен е правецот иновација, кој го карактеризираат два модела, од една страна потрага по божественото или духовното, а во врска со религиските практики, меѓу кои и незадоволството од одговорите што ги добиле на тој пат, и од друга страна, бриколирање на елементите од различни религиски и духовни традиции (Wilcox 2009: 83). Во овој труд се претставени искуствата на конвертираните во други верски традиции, кои се потолерантни спрема лицата со истополова сексуална ориентација, и оние што трагаат за некои нови религиски и духовни изрази.

Во склад со општиот процес на религиските промени во западните општества во Европа и Америка, кои се рефлектираат во појавата на нетрадиоционални и неинституционални форми на религија, за гејовските и лезбиските верувања и практики е каратеристична појавата на религискиот индивидуализам конструиран врз основа на комбинирање на различни религиски концепти (Ivanović, Radulović 2014: 168; Wuthnow 1998). Индивидуализмот на постмодерната е особено привлечен за лицата со истополова сексуална ориентација бидејќи се залага за отфрлање на авторитарноста и традиционалниот однос спрема некои семејни вредности и сексуалности. Религискиот индивидуализам се одликува и со нејасна граница меѓу духовноста и религијата[15]. Иако постои неслога кај научниците околу точното одредување на поимот *духовност* и *религија* (Thumma, Gray 2005), кога испитаниците/испитаничките зборуваат за своите лични искуства и од своја перспектива, вообичаено духовноста ја сметаат како форма на религија, иако, често, духовната практика што ја опишуваат не може да му се припише на научниот поим религија (Wilcox 2009: 10). Секако, не постои единствен и точно дефиниран научен поим религија, различните теориски перспективи влијаат на тоа колку широко научникот ќе ги постави границите во дефинирањето на религијата. Разновидноста на религиските верувања и практики во голем дел од светот не ни дозволува религијата да ја сведеме на институционалните форми на цркви, секти или ве-

[15] Авторите дискутираат околу употребата на поимот духовност, сметаат дека повеќе се поврзува со индивидуалното, личното доживување и искуство, додека религијата се врзува за институционалните верувања и практики, организација и идеологија. Различни истражувања во Америка имплицитно претпоставуваат дека „да се биде религиозен“ и „ да се биде духовен“ меѓусебно се исклучуваат и покажуваат дека повеќе од 90 % од испитаниците/испитаничките номинално себеси се одредуваат како духовни, а 78 % како религиозни (Zinnbauer et al. 1997: 555; Marler and Hadaway 2002: 291). Дали би требало религијата да се набљудува како инклузивен термин што вклучува и духовно, или може да се биде духовен, а не религиозен, или религиозен, но не и духовен? Одговорот не е ни малку едноставен и зависи од дисциплинскиот, теорискиот и методолошкиот пристап. Кога прашањето е формулирано така што не е воочлива дистинктивноста, 74 % од испитаниците/испитаничките одговориле дека се и религиозни и духовни, значи, повеќето не чувствуваат потреба да бираат помеѓу религијата и духовноста (Pargament 1999: 8).

росиповеди. Во таа смисла одделни верувања и практики на гејови и лезбијки во овој труд им ги припишувам на алтернативните религиски концепти, а тие се, всушност, алтернатива на доминантните традиционални религии во Србија. Станува збор за верувања и практики што во суштина може да се сметаат како религиски или може да содржат елементи на духовност што се многу сродни на религијата. Во одделни случаи, разликата помеѓу религијата и духовноста, кога се користат во христијански контекст, претставува всушност разлика помеѓу институционалната религија – црква и конструкцијата на индивидуално заснованата вера, идентитет и практика. Духовноста е возможно да се дефинира и како субјективноживотна форма на светото, која ги нагласува внатрешните извори на значење, или како сакрализација на субјективниот живот (Krondorfer and Hunt 2012: 203). Истражувањата на духовноста се пренасочени на социокултурните промени во сферата на религиозноста, која сè повеќе се насочува кон приватизираните форми и индивидуализираната природа на верската артикулација во секојдневниот живот, особено низ изразите на холистичката духовност (Krondorfer and Hunt 2012: 197). За овој труд не е од голема важност дистинкцијата помеѓу дефиницијата на религијата и духовноста, важна е емската перспектива на испитаникот/испитаничката, нивните доживувања и искуство, начините на кои ги конструираат сопствените религиски концепти или духовност (Wilcox 2009: 10)[16]. Потрагата по оној израз на духовниот пазар што би овозможил усогласеност на сексуалните желби, однесувања и верски идентитет, потрагата за формите на религија и духовност што се компатибилни со гејовската и лезбиската сексуалност, се одвива надвор од формалните институции, во рамките на многуте различни нетрадиционални форми на религија, посебно во рамките на различните духовни *њу ејџ*-движења. Како што покажуваат одредени истражувања, синкретичко-еклектичката духовност, различните нови религиски движења што промовираат саморазвој, јога, медитација и друго, стануваат лесно достапни, популарни и привлечни за голем број луѓе, и во таа смисла лицата со истополова сексуална ориентација не претставуваат исклучок. Појавата на формите на духовност до кои се доаѓа со моментално просветлување, потрагата по форми на духовен саморазвој што одговараат на индивидуалните потреби создале услови и духовноста да се третира како производ на пазарот, подеднакво комерцијален како храната, облеката, убавината, статусот и друго (York 2001: 370; Dragun 2008: 1049).

Во овој труд се изложени искуства и практики на гејови и лезбијки што избрале алтернативни религиски концепти, самодуховност или индивидуален концепт за Бога. Овие концепти се различни и еклектични, опфаќаат верувања и практики од популарната *њу ејџ*-култура, искуства поврзани со духовниот саморазвој, самопомош, алтернативни психоаналитички техники на саморазвој и друго. Нова доба (*New Age*) е концепт што има многу различни определби: помоден начин на живот, нов, специфичен начин на живот, нова, специфична религиска форма, квазирелигија, контракултура, во него се опфатени и многу различни феномени, од елементи на источни религии, пагански верувања и практики, шаманизам, западна езотерија, окултизам, гноза, мистицизам до квазинаучна психологија итн. Повеќето гејови и лезбијки, кои се самоидентификуваат како религиозни на нетрадиционален на-

[16] Подеднакво е важна и самоидентификацијата на испитаниците/испитаничките, така што, меѓу другите, меѓу нив имало и православни атеисти, европски политеисти, агностици, но и еден вештер агностик.

чин или спиритуални, во младешкиот животен период бирале некои од алтернативните духовни и религиски практики, „експериментирале“ со сопствените можности, преиспитувале и комбинирале различни алтернативни религиски концепти.

Истражувањето беше насочено на искуството[17] како субјективна димензија и внатрешна вера, на претставите на самите испитаници/испитанички за тоа што значат одредени верувања и практики, како ги прифаќаат и ги вклопуваат во секојдневниот живот, дали и во која мерка се компатибилни со нивната истополова сексуална ориентација. На тој начин, поставените цели во емпириското истражување бараа различни извори на податоци; пред сè, како најпогоден метод е користено интервјуто, но и други методски постапки и извори на податоци како што се: онлајн прашалници, набљудување и интернет-форуми. Лицата со истополова сексуална ориентација многу „живо“ комуницираат на општествените мрежи, па во таа смисла тие претставуваат многу важен и релевантен извор на информации поради повеќе причини. Делумно е надоместено отежнатото изнаоѓање испитаници и барање согласност за интервју, што нуди и нов извор на податоци за интерактивната размена на идеи, впечатоци, ставови и мислења, кои се научно употребливи и легитимни. Анализирани се неколку онлајн форуми на кои геjовите и лезбијките дискутираат за актуелни прашања што се во врска со односот спрема религијата, духовноста, нетрадиционалните и неинституционалните религиски феномени и практики[18]. Виртуелниот простор на форумот претставува богат извор на релевантни податоци бидејќи нуди можност за разменување на мислења и искуства, претставува простор за воспоставување контакти со други геjови и лезбијки, нуди впечаток на припадност, поголема анонимност, а со самото тоа може да се претпостави поголема искреност и отвореност (Nikolić 2009)[19]. Како што одредени истражувачи заклучуваат, состаноците и комуникацијата во киберпросторот може да се набљудуваат и како вид компензација за чувството на исклученост, отфрленост и отуѓеност, особено за скриените малцинства, а им овозможува во алтернативниот простор да креираат и да конструираат алтернативни идентитети (van Velzen 2007: 27).

Со истражувањето се опфатени вкупно 52 испитаници/испитанички, онлајн прашалник пополниле 40 испитаници, 22 мажи и 18 жени, додека пак со длабинско интервју се опфатени 12 испитаници, 6 мажи и 6 жени[20]. Повеќето испитаници/ис-

---

[17] Не постои согласност околу дефиницијата и употребата на поимот религиско искуство, како ни за надминувањето на овој проблем (Throop 2003: 222).

[18] Веб локацијата www.gay-serbia.com е еден од најпосетените интернет портали во Србија; најголем дел од комуникацијата помеѓу геjовите и лезбијките се одвива преку интернет, бидејќи интернетот обезбедува виртуелен простор како замена на смалената можност за други начини на комуникација во јавниот простор. http://www.gay-serbia.com/forum/da-li-je-seks-poklon-od-boga--t47378.html; http://www.gay-serbia.com/forum/bog--t36657.html; http://www.gay-serbia.com/forum/crkva-kao-institucija-i-verovanje-i-duhovnost-t46223.html; http://www.gay-serbia.com/forum/koja-je-vasa-religija-t18752s120.html (посетена во јули 2014 г.).

[19] Види го истражувањето на Драган Николиќ (Dragan Nikolić) за улогата на интернет комуникацијата меѓу геј поединците во Србија. Комуникацијата на интернет била од голема важност за прифаќање на сексуалните различности за 41,6 % испитаници, 72 % се логираат за да дојдат на овој начин до потенцијални партнери, мрежата на познајници преку форумот ја прошириле 51 % од испитаниците (Nikolić 2009: 114).

[20] Нивните имиња се заменети со псевдоними заради анонимност на испитаниците/испитаничките. Старосната структура на испитаниците/испитаничките се движела во опсег од

питанички се високообразовани или студенти, двајца имаат средношколско образование. Занимањата на испитаниците/испитаничките се најразлични, најголем број се студенти (8), повеќето се високообразовани, неколку дизајнери, наставници, универзитетски професори, истражувачи, лекари, правници, новинари итн. За овој труд, релевантната група од 26 испитаници/испитанички што веруваат во космичка енергија или правда, виша сила, спиритуалност, вообичаено себеси не се сметаат за религиозни, туку за духовни, или не се религиозни во традиционалната и институционалната смисла каква што обично му се придава на овој поим, како вера во Бога.

Во прашалникот на форумот *gay-serbia.com* во кој учествувале 185 лица, 47 % се изјасниле како атеисти, 26 % како верници, 27 % ја прифатиле опцијата друго (алтернативна, некоја форма на спиритуалност, вера во природата, окултизам...)[21]. Во друга анкета е поставено прашањето: „Која е Вашата религија?“, а одговориле 135 учесници на форумот, кои се определиле како за понудените традиционални религии и религиски заедници во Србија (атеисти 34, православни 41, католици 3, протестанти 5, муслимани 3, Евреи 2,) така и за нетрадиционалните религиски концепти (вика 3, други форми на паганизам 6, модерни сатанисти 4, традиционални сатанисти 1, будисти 5, хиндуисти 0 и друго 28).[22]

## Алтернативни религиски концепти и духовност на гејовите и лезбијките во Србија

Голем дел од гејовите и лезбијките во Србија го формираат односот спрема верата и црквата врз основа на тензијата што постои помеѓу отвореното неприфаќање на искажувањето на сексуалноста на гејовите и лезбијките од страна на традиционалните цркви и верски заедници и нивните права слободно да ја бираат и да ја искажуваат како својата религиска така и својата истополова сексуална ориентација. Врз основа на тоа, повеќето се определуваат за вонинституционална форма на религија и духовност. Главен аргумент на многу гејови и лезбијки, па и на оние што учествувале во ова истражување, е дека Библијата никаде експлицитно не ги осудува истополовите односи и дека, со текот на историјата, различните погрешни толкувања и интерпретации мора да се набљудуваат во историски контекст, кој секако не може да важи и за христијанската сексуална етика во современото општество. Вообичаеното мислење за односот на гејовската и лезбиската популација спрема религијата, кое неретко преовладува во современата култура во Србија, е дека повеќето може да се сметаат како атеисти/атеистки и антитеисти/антитеистки[23].

најмладата испитаничка што има 15 години и најстариот испитаник од 46 години. На возраст од 15 до 23 години биле 6 испитаници/испитанички, од 22 до 32 години – 29 испитаници/испитанички, од 33 до 46 години – 17 испитаници/испитанички.

[21] http://www.gay-serbia.com/forum/jeste-li-vjernik--t30474s30.html (посетена во јули 2014 г.).

[22] http://www.gay-serbia.com/forum/koja-je-vasa-religija-t18752s120.html (посетена во јули 2014 г.).

[23] Истражувањата во Америка покажуваат дека 62 % гејови и лезбијки сметаат дека религијата не е важен аспект на животот (Singer and Deschamps 1994, цитирано според Rodriguez and Ouellette 2000).

Да се биде геј и лезбијка во Србија и да се биде религиозен за многумина претставува голема контрадикција. Голем дел од популацијата, посебно оние што себеси се сметаат како православни верници, како и гејовите и лезбијките што се самоидентификуваат како атеисти/атеистки и антитеисти/антитеистки, се раководат според стереотипите и предрасудите спрема религиозните лица со истополова сексуална ориентација и на тој начин „здружени“ претставуваат нетолерантно окружување за гејовите и лезбијките што себеси се одредуваат како религиозни. Често нерелигиозните гејови и лезбијки отворено не ги прифаќаат, па дури и ги дискриминираат лицата што имаат религиски искуства. Религиозните испитаници/испитанички во ова истражување сведочат за позицијата на повеќекратна маргинализација, и поради својата истополова сексуална ориентација и поради својот религиски избор. За овој труд се релевантни примерите на испитаници/испитанички што избрале алтернативни религиски концепти или религии, толерантни спрема истополовата сексуална ориентација, бидејќи и тие наидуваат на неразбирање во геј-заедницата, додека свештениците и одредени верници на СПЦ неретко ги прогласуваат за сатанисти[24]. Во таа смисла, тие често се обвинувани дека претставуваат опасност за младите и поради својата религиска припадност и поради истополовата сексуална ориентација.

„*Религиозен геј, мора да се шегувате, па тоа е ендемски вид*“, се зборови на еден испитаник, кои најдобро го илустрираат стереотипниот модел присутен и кај популацијата со истополова сексуална ориентација во Србија. Но, тоа е само еден од автостереотипите што, покрај бројните стереотипи и предрасуди, постои во општеството во кое секоја различност предизвикува чувство на непријатност, страв, етикетирање, отворена и прикриена осуда. Лицата со истополова сексуална ориентација не се вклопуваат во здраворазумското поимање на „нормалното“ и „природното“ кај повеќето граѓани во Србија. Истражувањето на јавното мислење за хомофобијата во Србија во организацијата Геј стрејт алијанса покажало изразито високо ниво на хомофобија, 70 % од испитаниците ја сметаат хомосексуалноста за болест, додека 51 % сметаат дека таквите лица би требало да се затворат во специјализирани институции (Vuković et al. 2008). Во ваква атмосфера не е чудно што гејовите и лезбијките сè уште се третирани како скриено малцинство или една од најтешко достапните популации за научни истражувања.

Резултатите од истражувањето објавени во трудот што се занимава со религискиот идентитет на гејови и лезбијки во Србија покажуваат дека, од 52 испитаници/испитанички, дури 38 биле крстени, и тоа повеќето (30) биле крстени во најраниот период на детството (Ivanović, Radulović 2014: 179). Овој податок соодветствува со податоците што се однесуваат на општата популација, а зборуваат за масовното зголемување на бројот на крстени во деведесеттите години на минатиот век во Србија[25]. Во моментот кога се соочуваат со противречностите на истополовиот сексуа-

---

24 http://www.pravoslavna-srbija.com/forum/index.php?topic=1461.0;
http://dverisrpske.com/sr-CS/vesti/2013/jun/homoseksualizam-i-okultno-1-deo.php (посетена во јули 2013 г.). Информаторот Дејан (28 г.) се самоидентификува како паганин, а поради својот начин на облекување бил избркан од еден геј клуб. Наведува дека гејовите станувале и си оделе кога зборувал за својата религиска припадност на паганското меѓународно здружение. Од друга страна, на едно јавно предавање доживеал, во дискусијата во која учествувал, еден од учесниците да го нарече сатанист.

25 Истражувањата потврдуваат дека бројот на крстените во црквата Свети Сава во Белград во 1992 година е зголемен дури за 82,8 % во однос на 1982 година (Radulović 2002: 82).

лен идентитет и религискиот идентитет, изборот на гејовите и лезбијките е насочен во споменатите три правци: 1) останувaат во црквите на кои им припаѓаат врз основа на раѓање, но обично го прикриваат својот идентитет; 2) одлучуваат да ја напуштат традиционалната црква и верска заедница, иако можеби биле само формални припадници врз основа на крштавање, се конвертираат обично во атеисти или бираат некоја од алтернативните и новите религии присутни и во Србија, толерантни спрема лицата со истополова сексуална ориентација; 3) или почесто, во потрага по соодветен религиски или духовен израз, бриколираат[26] различни верски традиции и духовни практики во зависност од мотивациите и личните преференции. Неретко, со некои религии и концепти се запознаваат престојувајќи во странство, а потоа ги пренесуваат во Србија или се придружуваат на веќе постојните заедници. Двајца испитаници на таков начин се и религиски функционери во ограноците за Србија[27].

Повеќе од половината од испитаниците/испитаничките имале искуство со алтернативните религии и/или духовности во настојувањето да го преиспитаат својот однос спрема религиското и духовното, да побараат одговори на суштински животни прашања, меѓу другото, да ги разберат причините за спротивставеноста помеѓу сопствената истополова ориентација и религијата на која ѝ припаѓаат по раѓање. „Прифатилиште“, иако понекогаш и привремено, пронаоѓале во рамките на претставата за некоја индивидуална вера и практика, кои самите ја креирале, а која би придонела за усогласување на целокупниот живот. Меѓутоа, останува отворено прашањето колку сексуалниот идентитет кај некои гејови и лезбијки, кои велат дека прифатиле паганизам, ориентални религии, западна езотерија, различни духовни практики или постмодерна духовност, влијаел на тоа, во преиспитувањето на својата сексуалност, да бираат потолерантни религиски системи. Впрочем, за еден број млади во Србија со поинакви сексуални ориентации и идентитети, карактеристично е дека ги привлекуваат токму алтернативните религиски практики и верувања, модерни форми на *њу еџ*-духовност, значи, според тоа, младите гејови и лезбијки не се разликуваат од своите врсници со хетеросексуална ориентација (Radulović 2007).

Религискиот индивидуализам е карактеристичен за гејови и лезбијки што избрале алтернативни религиски концепти или духовност. Најчесто го истакнуваат токму индивидуалниот пристап: „*Јас имам свои верувања, но тие не се верувања во Бога онаков каков што го претставува денешниот свет!*“; „*Не би можел да кажам дека не верувам во Бога. Едноставно имам свое поимање за него*“; „*Нешто мое, инспирирано од концептот на Брахман*“[28]. Значи, трендот во религиската индивидуализација и плурализација, присутен во современите општества во Европа, е препознатлив во определувањата кај повеќето гејови и лезбијки во вонинститу-

[26] Терминот бриколаж обично, но не и сосема адекватно, се преведува како „куќно мајсторисување“. Подразбира расчленување на предмети, идеи, мисли на елементи и составување на нешто друго од тие елементи. Во таа смисла, некои религиски концепти, верувања и практики се двојат на делови, а потоа се комбинираат во еден „нов“ концепт, при што не станува збор за сосема нов концепт, туку тој е комбиниран на нов начин.

[27] Еден информатор беше национален секретар за ОТО (Ordo Templi Orientis) за Србија, другиот е заменик координатор за меѓународна паганска федерација во Србија, кој за себе вели дека е паган, односно неопаган „на ниво на бард во друидското здружение и свештеник шаман во нашата стара традиција“.

[28] http://www.gay-serbia.com/forum/bog--t36657.html (посетена во септември 2014 г.).

ционалната или нецрковна религиозност, која нема да ги оптоварува со своите догми и конзервативни ставови.

Тие развиваат личен однос спрема религијата, кој е условен од личните преференции и животните стилови, и за нив, како што нагласува Грејс Дејви (Grace Davie), е карактеристично *верувањето без припаѓање* (Davie 2005: 15). На интернет-форумот се разви дискусија за религиската припадност, која илустрира различни правци во кои се движат нивните избори: „*Јас сум крстен како православец. Но, верувам во енергија на 'сè', бидејќи сè е енергија. Зарем не?*“; „*Независен верник*“; „*Сè уште ја барам својата религија... мислам дека сум најблиску до будизмот: peace*“; „*Паганка сум... всушност, создавам сама свој правец што е сличен на паганизмот*“; „*Православна христијанка со будистички поглед на светот и почит кон протестантите, а по belief... њуејџерка... да скратам, сакам да free-комбинирам, така што би можело како резултат да се извлече – еклектичарка*“[29].

26 испитаници се определиле за алтернативниот религиски концепт или духовност. Меѓутоа, половината од нив таа определба ја сметаат како една фаза во сопственото барање и преиспитување на духовноста и/или религиозноста. Денес, иако се изјаснуваат на ист начин, во секојдневниот живот не ја применуваат доследно религиската практика и верувањата.

> „*Спој на таоизмот и телема-пантеизмот, најпрво бев христијанин, ми се допадна Стариот завет, но ми се чинеше дека црквата ограничува и дека сè отишло кон погрешната страна. Почнав да барам одговори, налетав на магијата на Кроули, и тоа ми се допадна, бидејќи тој има интелектуален пристап. Како тинејџер, магијата ми беше интересна и возбудлива. Во заднина беше желбата за контролирање на животот, на ситуацијата, на иднината, за да остварам окултна моќ. Подоцна тоа еволуира кога повеќе го читав Кроули. ...читав и други што се занимавале со херметизам. Златна зора беше првата со која се сретнав, вика*[30] *ми беше симпатична, но после сфатив дека е иста приказна, само поинаку напишана*“ (Ненад, 26 години).

Преференциите кон холистичката духовност и практиките на саморазвој не се разликуваат по ништо од преференциите на другата популација, меѓутоа, изборот на алтернативните религиски и духовни изразувања често е поттикнат од непризнавањето на гејовските и лезбиските права од страна на традиционалните религиски институции и заедници, наспроти толерантниот став на алтернативните религии спрема нивната сексуална ориентација. Меѓутоа, често, отфрлањето на институционалните или на организираните религии се проширува и на алтернативните религии:

> „*Би се дефинирал како вештер агностик бидејќи не верувам во сликата на бог. Верувам во некои приземни работи и во силата на природата, а тоа нема некоја теолошка конотација. Верување е, но не е организирана религија – не барам просветлување на никаков начин. Пристапив кон ОТО ...*

[29] http://www.gay-serbia.com/forum/koja-je-vasa-religija-t18752s120.html (посетена во јули 2014 г.).

[30] Забелешка од уредникот: wicca е скратеница од меѓународно здружение на вештерки.

*но не ми се допадна идејата за култот, не сакам верски организации, какви било. Веднаш тука се издвојува водач, и тука има доста интелигентни луѓе што со тоа не се согласуваат. Јас не сакам некој авторитет. Се состанувавме како пријатели. Правевме куќни забави и се занимававме повеќе со световни работи. Духовноста се случуваше само на гностичките миси“* (Дамјан, 24 г.).

*„Не припаѓам на ниту една традиција зашто моето поимање за паганизмот и она што јас го работам не може никаде да се идентификува. Едноставно, некој индивидуален пат, моја волја, моја љубов и моја среќа насочена кон Природата и она што таа го нуди и го дава. Тешко е за тоа да се зборува (особено вака преку нет) зашто тоа е нешто лично“*[31].

Кога станува збор за духовноста и/или алтернативната религиозност, внатрешната интеграција значи интеграција на различностите и има вредносна конотација, која во реалноста е со различен интензитет и се случува на различни нивоа.

*„Духовноста, по последователните читања ако би се исклучил од сè што знам, кога започнував, духовноста за мене значеше доаѓање во допир со својот спиритуален потенцијал низ уверување дека секој човек поседува одреден духовен потенцијал и низ одредена практика може да ја издвои духовноста на различни начини. Јас сметав дека духовноста е внатрешен вечен потенцијал...“* (Дамјан, 24 г.).

Гејовите и лезбијките во ова истражување се издвојуваат не само според прашањето на сексуалната ориентација и религија туку и според сите аспекти на животот поврзани со нив. Имено, оние што прифатиле различност на едно ниво, полесно прифаќаат различности и во однос на други прашања што се во спротивност со конформистичките норми на однесување на повеќето луѓе во околината. Некои гејови и лезбијки се движат во широк спектар на индивидуални избори на духовност што вклучува различни идеи, верувања и практики во настојувањето да објаснат различни аспекти на животот без догма, индивидуално и без прибегнување кон идеите од доминантната културна матрица, но тоа го задржуваат како дел од својата приватност, подеднакво каква што е сексуалната приватност.

*„Јас љубовта не можам да ја кријам. Многу е тешко да се пронајде мерка на внатрешниот страв и достоинство, застапувања за себе. Луѓето се подложни да се откажат од истополовите врски затоа што мислењето е неадекватно, осудувачко, што е фрустрирачки. Јас не знам дали сум отворена во таа смисла, јас сум вегетаријанка, за тоа не зборувам, и зборувањето за религијата е моја интима“* (Ена, 45 г.).

Зошто повеќето гејови и лезбијки зборуваат за себе како за духовни лица? Помодарството како причина секако е делумно присутно. Неизбежно е влијанието на западната култура, глобализацијата и комерцијализацијата. Несомнено дека духовноста и алтернативните религиски избори имаат позитивни влијанија врз нивните животи, но не би требало да се занемари ниту прифаќањето на овие концепти како резултат на различните влијанија на општествениот и културниот контекст.

31 http://www.gay-serbia.com/forum/paganizam-t38187.html (посетена во септември 2013 г.).

Духовноста и алтернативните верски уверувања и практики може да се дел од протестите на гејовите и лезбијките во Србија, како малцински и дискриминирани поединци што делат слична или иста судбина со припадниците на алтернативните духовности, новите религии и алтернативните религиски култови и концепти, кои од страна на СПЦ се прогласени за деструктивни секти, гуру-движења, култови и сатанистички организации (Radulović 2007: 144–145, 159). Тие што усвојуваат и/или одбиваат да се самоидентификуваат врз основа на сексуалниот идентитет и/или ориентација не прифаќаат јасно себеси да се одредат како религиозни и/или духовни, и би требало да се набљудуваат како лица за кои кој било тип идентификација претставува процес, кој е, како и секој друг процес, динамичен и променлив. Концептите на религијата/алтернативните религии/духовноста во некој период од животот им овозможиле да посегнат по објаснување на причините за истополовата сексуалност. Секој имал потреба да одговори на основното идентитетско прашање: „Кој сум јас, дали сум и зошто сум тоа што сум?“

## Заклучни размислувања

И покрај порастот на научните истражувања за животот на лицата со истополова сексуална ориентација во последните две децении, за нивниот духовен и верски живот денес се знае малку (Halkitis et al. 2009: 251; Ivanović, Radulović 2014). Врз основа на истражувањата и релевантниот примерок од 52 испитаници/испитанички, со оглед на тоа што станува збор за маргинализирана, дискриминирана и скриена популација, претставени се и проблематизирани се само некои од многубројните прашања со кои антрополозите би можеле да се занимаваат во проучувањето на односот на лицата со истополова сексуална ориентација кон религијата и кон алтернативните религиски концепти и духовност. Во етнографската евиденција со која располагам има доволно материјали да се одговори и на прашања за атеистите и нерелигиозните геј-лица и за нивниот поглед на светот и животот во кој нема место за религиозното; за фундаменталистичките ставови и однесувања, како на атеистите така и на религиозните геј-лица; за религиски посветените верници итн. Релативизмот во дефинирањето на поимите духовност и религиозност, на алтернативните религиски концепти и религии, не можеме да го сметаме како недостаток, туку како моментална состојба во науката, која е можно барем делумно да се надмине, како што е направено во овој труд, со адекватна операционализација во специфичните општествени околности и контексти. Маргинализираните гејови и лезбијки во Србија се принудени свесно да бираат помеѓу религиските традиции на кои со раѓањето им припаѓаат, а за кои нивните истополови ориентации и однесување се неприфатливи, и алтернативните религиски концепти, вонинституционалните индивидуални еклектички религиски практики и верувања што сами ги креираат. Појдовната претпоставка дека во нивните животи нема место за религија и духовност се покажала како неоснована; за околу 60 % гејови и лезбијки тоа е многу важен аспект во нивните животи, иако не го сметаат како пресуден за конституирање на сопствениот идентитет. Во пресрет на нивниот однос спрема сексуалноста и различноста, во однос со истополовата сексуална ориентација, фокусот и изборот што го прават во однос на религијата претставуваат различни аспекти на идентитетот, кои ги вкрстуваат, ги интегрираат или пра-

ват компромиси. Ниту еден од аспектите на идентитетот не се смета за непроменлив; напротив, нивните религиски и духовни избори се флуидни, а стратегиите се заменуваат или се менуваат, нивните лични биографии сведочат дека станува збор за процес на идентификација, за тоа дека верските пораки ги пропуштаат низ филтерот на сопственото искуство што со текот на времето се менува.

И нашата потрага за религискиот и духовниот израз отвори едно важно прашање за идните истражувања и разгледувања: дали сме на трагата на дистинктивните карактеристики на геј-духовноста. Врз основа на резултатите од истражувањето, одговорот секако би бил негативен. Дали би требало повторно да се преиспитаат аспектите на сексуалноста на испитаниците/испитаничките што многу малку сакаа да зборуваат за своите сексуални практики во контекст на духовноста? Дали биле отворени да зборуваат само за оние аспекти на духовноста што не ги разликуваат од хетеросексуалните трагачи на духовноста? Доколку прифатиме дека „сексуалната ориентација е кумулативно искуство на интеракција помеѓу еротската фантазија, романтичните емоции и сексуалното однесување насочени кон едниот или кон двата пола“ (Kalichman 1995, цитирано според Wilkinson and Roys 2005: 66), како и едно од гледиштата дека лицата со истополова сексуална ориентација се обидуваат да создадат култура што „има смисла само во однос спрема сексуалното искуство“ и посебниот вид однос што го издвојува уживањето во сексуалните односи и задоволството (Intervju sa M. Fukoom 2010: 121), можно е да се зборува и за посебна квир-духовност. Меѓутоа, најчесто испитаниците/испитаничките во ова истражување не сакаат да се идентификуваат со посебна „геј-култура“, ниту со посебен вид сексуални односи, напротив за поголем број испитаници/испитанички важност имаат емоционалните односи. Испитаникот што на тој начин зборува за својата партнерска врска нагласи, меѓу другото, дека не им се отворил на родителите токму поради стереотипното врзување на геј-мажот за истополовото сексуално однесување и промискуитетот. Кога станува збор за гејовите и лезбијките во Србија, не можеме да зборуваме за постоење дистинктивни карактеристики на геј-духовност. Поради мноштвото варијации и форми во кои се јавува духовноста и сексуалноста во животите на геј-лицата, сексуалната желба и уживањето не би требало да се земат како обележје за геј-духовноста. Ако, на пример, тоа би важело за еден припадник на движењето „Radical Faery“ во Америка, не мора да значи дека и еден геј-вегетаријанец ќе прифати да се идентификува со геј-духовноста.

Потрагата по оној израз на духовниот пазар што на најдобар можен начин овозможува усогласување на сексуалната желба, однесувањето и верскиот идентитет, потрагата за формите на религија и духовност што се компатибилни со гејовската и лезбиската сексуалност, се одвива надвор од формалните институции во рамките на многуте различни движења на њу ејџ-духовноста.

Хомосексуалноста постоела во сите општества и култури, меѓутоа, хомосексуалноста како идентитетска категорија е понова појава, како и настојувањето на лицата со истополова сексуална ориентација да се изборат за своите идентитетски права. Односот спрема хомосексуалноста не се променил во традиционалните религии и заедници (католицизам, православие, јудаизам и ислам), историски гледано, од нивните почетоци. Во склад со она што го „проповедаат“ денес, осудувајќи го хомосексуалното однесување, а не самите гејови и лезбијки, би требало да го прифатат и нивното право да ја искажат својата сексуална истополова ориентација.

На крајот, една дигресија за животите на гејовите и лезбијките во Србија. Многу родители и учители своевремено, упорно, на леворакитe деца им го преместувале моливот во десната рака. Денес децата се ослободени од таа присила. Геј-теологот Џејмс Алисон (James Alison) ги споредил леворакитe со геј-лицата, а повеќе автори, користејќи ја аналогијата со леворакоста, оптимистички ја предвидуваат иднината во која истополовата сексуална ориентација ќе се смета како нормална, баш како и леворакоста[32]. Меѓутоа, денес во Србија, како што стојат работите, тоа важи и за блиската иднина. Многу родители со задоволство на своите возрасни деца „би им го преместиле моливот во десната рака", би ја промениле нивната ориентација врз основа на хетеросексуалните нормативи. Но, дали и понатаму би пишувале со ист јазик, дали би се разбирале уште помалку?

## Користена литература


Carlton, Clark. 2004. Sexual Reorientation Therapy: An Orthodox Perspective. *Christian Bioethics* 10: 137-153.

Davie, Grace. 2005. *Religija u savremenoj Evropi: mutacija sjećanja*. Zagreb: Goldeng marketing, Tehnička knjiga.

Dragun, Maja. 2008. Konzumeristička obilježja današnje sinkretičko-eklektičke duhovnosti. *Društvena istraživanja* 6 (98): 1047-1068.

Duhaček, Daša. 2011. Rod i identitet. U *Uvod u rodne teorije*, ур. Ivana Milojević i Slobodanka Markov, 359-367. Novi Sad: Mediterran Publishing, Univerzitet u Novom Sadu, Centar za rodne studije ACIMSI.

Gross, Martine. 2008. To Be Christian an Homosexual: From Shame to Identity-Based Claims. *Nova Religio: The Journal of Alternative and Emergent Religions* 11(4): 77-101.

Halkitis Perry N., Jasqueline S. Mattis, Joel K. Shadath, Dana Massie, Lina Ladyzhernskaya, Kmberly Pitrelli, Meredith Bonacci, Sheri-Ann E. Cowie. 2009. The Meanings and Manifestations of religion and Spirituality among Lesbian, Gay, Bisexual, and Transgender Adults. *Journal of Adult Development* 16: 250-262.

Harrison, Victoria S. 2010. Postmodern Thought and Religion: Open-Traditionalism and Radical Orthodoxy on Religious Belief and Experience. *Heythrop Journal* 51 (6): 962–974.

Intervju sa Mišelom Fukoom. 2010. "Društveni trijumf seksualnh prohteva". Во: *Priroda želje i društvo transgresije*. *QT Časopis za kvir teoriju i kulturu*, 1 (1-2)

Ivanović, Zorica, Lidija Radulović, Religija i homoseksualnost. O odbacivanju i potrazi za religijskim i duhovnim izrazom gejeva i lezbejki u savremenoj Srbiji. Во: *Među nama: neispričane priče gej i lezbejskih života*. 164-189. Beograd: Hartefact Fond.

Jovanović, Miloš. 2011. Moralistička osuda homoseksualnosti u pravoslavlju, *Teme* 35 (3): 705-744.


[32] Theology as Survival, An interview with James Alison: https://www.commonwealmagazine.org/alison (посетена во септември 2013 г.).

Krondorfer Björn and Stephen Hunt. 2012. Introduction: Religion and Masculinites – Continuities and Change, *Religon and gender* 2(2): 194-206.

Marler Penny Long, and Kirk C. Hadaway. 2002. „Being Religious“ or „Being Spiritual“ in America: A Zero-Sum Proposition? *Journal for the Scientific Study of Religion* 41(2): 289-300.

Nikolić, Dragan. Aktivan/pasivan: uloga internet komunikacije među gejevima u Srbiji, *Teme* god. 33 (1): 103-135.

Pargament, Kenneth I. 1999. The Psychology of Religion and Spirituality? Yes and No. *The International Journal for the Psychology of religion* 9 (1): 3-16.

Radulović, Lidija. 2002. Crkveni rituali životnog ciklusa: krštenje i venčanje. Bo: *Običaji životnog ciklusa u gradskoj sredini.* SANU Etnografski institut, posebna izdanja knj. 48: 77-93.

Radulović, Lidija. 2007. *Okultizam ovde i sada: Magija, religija i pomodni kultovi u Beogradu.* Beograd: Srpski genealoški centar, Odeljenje za etnologiju i antropologiju Filozofskog fakulteta u Beogradu.

Radulović, Lidija. 2012. *Religija ovde i sada: Revitalizacija religije u Srbiji*. Beograd: Srpski genealoški centar, Odeljenje za etnologiju i antropologiju Filozofskog fakulteta u Beogradu.

Rodrigues, Eric and Suzanne C. Oueelette. 2000. Gay and Lesbian Christians: Homosexual and Religious Identity Integration in the Members and Participants of a Gay-Positive Church. *Journal for the Scientific Study of Religion* 39 (3): 333-347.

Throop, Jason. 2003. Articulating experience. *Anthropological Theory* 3(2): 219-241.

Thumma, Scott, Gray, Edward R. 2005. Introduction, in *Gay Religion*, Scott Thumma, Edward R. Gray (eds.), Oxford: Altamira Press. http://www.amazon.com/Gay-Religion-Scott-Thumma/dp/0759103267#reader_B00ELMFT6I

Velzen, van Liselotte. 2007. „Down and Out in Belgrade: An Ethnographic Account on the Everyday Life Experiences of Serbian Gays and Lesbians in 2004. In *Beyond the Pink Curtain: Everyday life of LGBT people in Eastern Europe*, Roman Kuhar and Judit Takács (eds.). Ljubljana: Mirovni Inštitut. http://www.policy.hu/takacs/books/isbn9616455459/

Vuković, Đorđe, Ivo Čolović i Miloš Mojsilović. 2008. *Predrasude na videlo: homofobija u Srbiji*, Izveštaj o istraživanju javnog mnjenja o LGBT populaciji. Beograd: Gej Strejt Alijansa.

Weston, Kath. 1993. Lesbian/gay Studies in the House of Anthropology, *Annual Review of Anthropology* 22: 339-367.

Wilcox, Melisa. 2009. Queer Women and Religious Individualism. Bloomington and Indianapolis: Indiana University Press

Wilkinson Wayne W. and Andrew C. Roys. 2005. The Components of Sexual Orientation, Religiosity, and Heterosexuals' Impressions of Gay Men and Lesbians. *The Journal of Social Psychology* 145 (1): 65-83.

Wuthnow, Robert. 1998. *After heaven: Spirituality in America since the 1950s*, Berkeley: University of California Press.

York, Michael. 2001. New Age Commodification and Appropriation of Spirituality. *Journal of Contemporary Religion* 16(3): 361-372.

Zinnbauer, Brian J, Kenneth I. Pargament, Brenda Cole, Mark S. Rye, Eric M. Butter, Timothy G. Belavich, Kathleen M. Hipp, Allie B. Scott and Jil L. Kadar. 1997. Religion and Spirituality: Unfuzzying the Fuzzy. *Jorunal for the Scientific Study of Religion* 36 (4): 549-564.

## Извори:

Janjić, Jovan. 2009. „Vera, nada, diskiriminacija“. *Nin*, mart 12.

„Zajedničko saopštenje predstavnika tradicionalnih Crkava i verskih zajednica“, *Pravoslavlje* br. 1008.

*Standard*, 13.3.2009. str.9.

*Ekonomist* 13.3.2009. str. 8.

„Kolo smrti na ulicama Beograda“, *Pravoslavlje* br. 1046.

„Homoseksualnost i nasilno sudstvo“, *Pravoslavlje* br. 920.

„Homoseksualnost je neprirodna i grešna“, *Pravoslavlje* br. 1046.

„Greh ili životni stil“, *Pravoslavlje* br. 936.

Saopštenje Svetog Arhijerejskog Sinoda SPC povodom najave gej-parade u Beogradu 2010. godine. *Pravoslavlje* br.1046, 5.

http://www.vesti.rs/Parada-ponosa/Istorijska-izjava-Pape-Franje-Ko-sam-ja-da-sudim-gejevima-8.html

http://www.jutarnji.hr/anglikanska-crkva-ce-blagosloviti-istospolne-zajednice/1143095/

http://www.index.hr/vijesti/clanak/patrijarh-irinej-homoseksualnost-je-bolest-tim-ljudima-treba-pomoc-kako-bi-prevladali-svoje-anomalije/640000.aspx

http://www.pravoslavlje.spc.rs/broj/1046/tekst/homoseksualnost-je-neprirodna-i-gresna

http://fakti.org/orthodox-point/svepravoslavni-sabor-ce-odreagovati-na-homoseksualne-brakove-u-evropi

http://fakti.org/orthodox-point/svepravoslavni-sabor-ce-odreagovati-na-homoseksualne-brakove-u-evropi

http://www.index.hr/vijesti/clanak/patrijarh-irinej-homoseksualnost-je-bolest-tim-ljudima-treba-pomoc-kako-bi-prevladali-svoje-anomalije/640000.aspx

http://www.pravoslavniodgovor.com/Svet_oko_nas/greh_homoseksualnosti.htm

http://www.danas.rs/danasrs/drustvo/terazije/da_pokazemo_sta_nas_spaja.14.html?news_id=264472

http://www.gay-serbia.com/forum/da-li-je-seks-poklon-od-boga--t47378.html

http://www.gay-serbia.com/forum/bog--t36657.html

http://www.gay-serbia.com/forum/crkva-kao-institucija-i-verovanje-i-duhovnost-t46223.html

http://www.gay-serbia.com/forum/koja-je-vasa-religija-t18752s120.html
http://www.gay-serbia.com/forum/jeste-li-vjernik--t30474s30.html
http://www.gay-serbia.com/forum/koja-je-vasa-religija-t18752s120.html
http://dverisrpske.com/sr-CS/vesti/2013/jun/homoseksualizam-i-okultno-1-deo.php
http://www.pravoslavna-srbija.com/forum/index.php?topic=1461.0
http://www.gay-serbia.com/forum/bog--t36657.html
http://www.gay-serbia.com/forum/koja-je-vasa-religija-t18752s120.html
http://www.gay-serbia.com/forum/paganizam-t38187.html
https://www.commonwealmagazine.org/alison